# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010), а согласно член 266-а став 1 и 6 од Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ", бр. 18/2001, 04/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за референтната стапка за пресметување на**
**стапката на казнената камата**
**("Службен весник на Република Македонија" бр.42/11)**

1. Со оваа одлука, Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) го регулира начинот на утврдување и објавување на референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата.

2. Референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата за одредено полугодие е каматната стапка на основниот инструмент од операциите на отворен пазар - благајнички записи на Народната банка, којашто е постигната на последната аукција во претходното полугодие.

При аукција со примена на тендер со износи, кога износот и каматната стапка на аукцијата се утврдени од страна на Народната банка, а банките аукцираат само со износи, референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата е еднаква на каматната стапка утврдена од страна на Народната банка.

При аукција со примена на тендер со каматни стапки, кога Народната банка го утврдува само износот на аукцијата, а банките аукцираат и со износи и со каматни стапки, референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата е еднаква на просечната пондерирана каматна стапка постигната на аукцијата.

3. Гувернерот на Народната банка ја објавува референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата на веб страницата на Народната банка.

4. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата („Службен весник на Република Македонија" бр. 139/2008 и 13/2010).

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О.бр.02-15/III-8/2011**
**31.03. 2011 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**м-р Петар Гошев**